ПЕРКАН ПРОЕКТ ДООЕЛ ПРИЛЕП
ул. „АНДОН СЛАБЕЈКО“ Бр. 52, Прилеп,
Телефон 048/410 836, Мобилен 078/409 609,
mail: perkanproekt@gmail.com

ИНВЕСТИТОРИ:

ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО ТРГОВИЈА И УСЛУГИ МИХАЈЛОВО ДОО УВОЗ ИЗВОЗ, КАВАДАРЦИ

ДПТУ КОЖУФ СПА И ВЕЛНЕС ДООЕЛ УВОЗ ИЗВОЗ, с.МРЕЖЕЧКО, КАВАДАРЦИ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
за ГП 1 од ЛУПД ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
СО НАМЕНА Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ,
КО КОНОПИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ИЗРАБОТУВАЧ:
„ПЕРКАН ПРОЕКТ“ дооел - ПРИЛЕП
тех.бр. 74/21,
декември, 2021
Прилеп

ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА:
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
ЗА ГП 01, ОД ЛУПД ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
СО НАМЕНА Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ
КО КОНОПИШТЕ,ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ИНВЕСТИТОР:
ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО ТРГОВИЈА И
УСЛУГИ МИХАЈЛОВО, ДОО УВОЗ ИЗВОЗ, КАВАДАРЦИ и

ДПТУ КОЖУФ СПА И ВЕЛНЕС ДООЕЛ УВОЗ ИЗВОЗ, с.МРЕЖЕЧКО, КАВАДАРЦИ

НАДЛЕЖЕН ОРГАН:
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ИЗРАБОТУВАЧ:
„ПЕРКАН ПРОЕКТ“ дооел
ул.„Андон Слабејко“ бр.52 – ПРИЛЕП

ЛИЦЕНЦА БР.
0021

УПРАВИТЕЛ:
Борка Талевски, дипл.ек.

ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР:
Марија Ј. Младеновиќ, дипл. инж. арх.
планер - бр. на овластување 0.0431

СОРАБОТНИЦИ:
Димче Тодороски, дги.-хидро.
проектант – бр. на овластување 2.1842

Николче Наумоски, деи.
проектант – бр. на овластување 4.0991

ИДЕЕН ПРОЕКТ:
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ,
ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН „ПИЛАСТЕР“- ШТИП

МЕСТО НА ИЗРАБОТКА НА УП: ПРИЛЕП

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: 74/21

ДАТУМ: декември, 2021

С О Д Р Ж И Н А

- НАСЛОВНА СТРАНА
- СОДРЖИНА

ОПШТ ДЕЛ
- ИЗВОД ОД РЕГИСТРАЦИЈАТА НА ФИРМАТА
- ЛИЦЕНЦА НА ФИРМАТА И ОВЛАСТУВАЊА НА ПЛАНЕРОТ И ПРОЕКТАНТИТЕ
- РЕШЕНИЕ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕР И ПРОЕКТАНТИ

ПЛАНСКИ ДЕЛ
- УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

1. ВОВЕД - ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА
2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ
3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА
4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ
5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРИСТАПНОСТ НА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ, ЗАШТИТА НА ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО И ДРУГИ МЕРКИ СОГЛАСНО ЧЛЕН 47 ОД ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ
6. ПРИЛОЗИ КОН ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
   - Известување за одобрена Иницијатива од општина Кавадарци со бр.11-2755/2 од 10.05.2021год.
   - Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени, изработен од ГЕОДАТА ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Кавадарци со бр. 0801-57-3/2021
   - Податоци од Македонски Телеком АД – Скопје, со бр. 35703 од 21.05.2021г.
   - Податоци и информации од Јавно претпријатие за државни патишта со бр.10-5303/2 од 25.05.2021
   - Податоци од Национални енергетски ресурси, со бр. 03-1867/2 од 25.05.2021год.
   - Податоци од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, со бр.10-55/7-215 од 19.05.2021г.
   - Податоци од Агенција за електронски комуникации со бр. 1404-1590/2 од 31.05.2021г.
   - Податоци од МЕПСО, со бр 11-3155/1 од 31.05.2021год.
   - Број на постапка за добивање на податоци и информации во е-урбанизам: 35703
   - Позитивно мислење од Дирекција за заштита и спасување – подрачно одделение Кавадарци со бр.09-75/2 од 15.09.2021г.
   - Позитивно мислење од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, со бр.10-55/3-341 од 03.12.2021г.

Б. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. ИЗВОД ОД ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО НАМЕНА Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ И ФОРМИРАЊЕ НА ГП 1, НА ДЕЛ ОД КП 968 И ДЕЛ ОД КП 1107, КО КОНОПИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, донесена со Решение бр.11-2827 од 15.12.2020г.
2. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ.....1:1000
3. ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

4. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА.....1:1000

ПРОЕКТЕН ДЕЛ

1. Текстуален дел:
- Технички опис
2. Графички дел:
- Ситуација 1
- Ситуација со отворено приземје
- Основа на темели
- Основа на подрум
- Основа на приземје
- Основа на кат
- Основа на втор кат
- Основа на кров
- Основа на петта фасада
- Пресеци
- Фасади

ОПШТ ДЕЛ

Број: 0809-50/150520210002750

Датум и време: 12.7.2021 г. 13:33:40

ПОТВРДА

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	4513851
Назив:	Дрштво за градежништво трговија и проектирање на Петар Иваноски ПЕРКАН ПРОЕКТ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп
Седиште:	АНДОН СЛАВЕЈКО бр.52 ПРИЛЕП, ПРИЛЕП

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.11 - Архитектонски дејности
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:
Марија Стеваноска

Овластено лице:
Васе Трајковска

Број: 0805-50/150520210002747

Датум и време: 12.7.2021 г. 13:28:25

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	4513851
Целосен назив:	Дрштво за градежништво трговија и проектирање на Петар Иваноски ПЕРКАН ПРОЕКТ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп
Кратко име:	ДГТП ПЕРКАН ПРОЕКТДООЕЛ Прилеп
Седиште:	АНДОН СЛАВЕЈКО бр.52 ПРИЛЕП, ПРИЛЕП
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Датум на основање:	18.1.1999 г.
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4021992106290
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.4 - дооел
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог EUR:	0,00
Непаричен влог EUR:	5.000,00
Уплатен дел EUR:	5.000,00
Вкупно основна главнина EUR:	5.000,00

СОПСТВЕНИЦИ	
Име и презиме/Назив:	ВЕРА ИВАНОСКА
Адреса:	РИСТЕ СЕКИРЧАНЕЦ бр.1-Г ПРИЛЕП, ПРИЛЕП
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог EUR:	0,00
Непаричен влог EUR:	5.000,00
Уплатен дел EUR:	5.000,00

Вкупен влог EUR:	5.000,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.11 - Архитектонски дејности
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	
Други дејности:	Регистрирани дејности во надворешно-трговскиот промет

ОВЛАСТУВАЊА

Управител

Име и презиме:	БОРКА ТАЛЕВСКИ
Адреса:	11-ТИ ОКТОМВРИ бр.31 ПРИЛЕП, ПРИЛЕП
Овластувања:	Управител
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Управител

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	perkanproekt@gmail.com

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:
Марија Стеваноска

Овластено лице:
Васе Трајковска

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

Врз основа на член 16 став (2) Законот за просторно и урбанистичко планирање, Министерство за транспорт и врски издава:

ЛИЦЕНЦА

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

НА

Друштво за градежништво трговија и проектирање на Петар Иваноски ПЕРКАН ПРОЕКТ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

ул. АНДОН СЛАВЕЈКО бр. 52 ПРИЛЕП, ПРИЛЕП, ЕМБС: 4513851

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ, УРБАНИСТИЧКО-ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ И РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: **30.01.2026 година**

Број: **0021**

30.01.2019 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Горан Сугарески

Врз основа на член 67 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), а во врска со изработка на техничка документација УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ГП 01, ОД ЛУПД ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ, СО НАМЕНА Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ, КО КОНОПИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, со тех.бр. 74/21, „ПЕРКАН ПРОЕКТ“ ДООЕЛ Прилеп, го издава следното:

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕР и ПРОЕКТАНТИ

За изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ГП 01, ОД ЛУПД ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ, СО НАМЕНА Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ, КО КОНОПИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, со тех.бр. 74/21 како извршители се назначуваат:

планер:

1. Марија Ј. Младеновиќ, дипл. инж. арх. планер - бр. на овластување 0.0431

соработници:

2. Димче Тодороски, дги.-хидро. проектант – бр. на овластување 2.1842
3. Николче Наумоски, деи. проектант – бр. на овластување 4.0991

Планерот и соработниците се должни проектот за инфраструктура да го изработат согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

УПРАВИТЕЛ:

Борка Талевски, дипл. ел. инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

МАРИЈА ЈАНКУЛОСКА МЛАДЕНОВИЌ

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: 0.0431

Издадено на: 17.11.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/13-пречистен текст, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30,16, 31/16, 39/16, 71/16), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

ГРАДЕЖНИШТВО

на

ДИМЧЕ ТОДОРОСКИ

дипломиран градежен инженер

Овластувањето е со важност до: 27.07.2022 год.

Број: 2.1842

Издадено на: 27.07.2017 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија“ бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

ЕЛЕКТРОТЕХНИКА

на

НИКОЛЧЕ НАУМОСКИ

дипломиран инженер електроенергетичар (NQF VII_1)

Овластувањето е со важност до: 24.09.2024 год.

Број: 4.0991

Издадено на: 25.09.2019 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

ПЛАНСКИ ДЕЛ

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

Друштво за градежништво, трговија и проектирање ПЕТАР ИВАНОСКИ ПЕРКАН ПРОЕКТ увоз-извоз ДООЕЛ
07-155/1
10.08.2021

Друштво за производство, трговија и услуги МИХАЛЛОВО ДОО увоз-извоз
Бр. 11/1
17.08. 2021 год.
КАВАДАРЦИ

Друштво за производство, трговија и услуги КОЖУФ СПА и ВЕЛНЕС ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 3/1
17.08. 2021 год.
с. Мрежичко, КАВАДАРЦИ

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА
за изработка на
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
за ГП 1 од ЛУПД ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
СО НАМЕНА Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ,
КО КОНОПИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ:

Проектниот опфат на предметниот урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште се совпаѓа со границите на градежната парцела ГП 01 од ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО НАМЕНА Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ И ФОРМИРАЊЕ НА ГП 1, НА ДЕЛ ОД КП 968 И ДЕЛ ОД КП 1107, КО КОНОПИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, донесена со Решение бр.11-2827 од 15.12.2020г.

Градежната парцела, односно проектниот опфат е лоциран на ~40км од центарот на градот Кавадарци. Планскиот опфат преку пристапниот пат од источната и североисточната страна, се надоврзува на P29171(Демир Капија (врска со P1102)-Крњево-Конопиште-Мушов Гроб (спој со P1107)), а преку P29171 се поврзува со P1107 (Градско (врска со A1)-Росоман-Кавадарци-Мушов Гроб-Витолиште-Лагово (врска со A3)).

ГРАНИЦИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ:

Во границите на проектниот опфат се наоѓаат следните катастарски парцели; КП 968/1, КП 968/2, КП 968/4, КП 1107/2, КП 1107/3, КО Конопиште, општина Кавадарци.

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО НАМЕНА Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ како претходна урбанистичка документација е изработена за дефинирање на градежната парцела ГП 01, и тоа на дел од КП 968 и дел од КП 1107, КО КОНОПИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

При изработка на Елаборат со нумерички податоци за ГП 01, направена е поделба на катастарските парцели КП 968 и КП 1107, КО Конопиште, општина Кавадарци, така што дефинирани се КП 968/1, КП 968/2, КП 968/4, КП 1107/2, КП 1107/3, КО Конопиште, општина Кавадарци.

Промените во катастарскиот план се рефлектираат на површината на градежната парцела, чија површина според ЛУПД изнесува 14883,70м², но по дефинирањето на КП 968/1, КП 968/2, КП 968/4, КП 1107/2, КП 1107/3, КО Конопиште, општина Кавадарци, површината на градежната парцела изнесува 14883,68м².

Описот на проектниот опфат почнува од север и се движи кон исток во насока на стрелките на часовникот. Од северната и источната страна граничи со КП 1107-пат, од источната страна се граничи со КП 968/3, од југозападна страна граничи со КП 966, од северозападна страна граничи со КП 957.

ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Изработката на овој УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ - ГП 1 од ЛУПД ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО НАМЕНА Б5-ХОТЕЛСКИ

КОМПЛЕКСИ КО КОНОПИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, произлезе од потребата на инвеститорот за дефинирање на нова површина за градење со намена Б5-Хотелски комплекси, во граници на утврдениот простор ограничен со градежни линии, планиран во горенаведената ЛУПД донесена со Решение бр.11-2827 од 15.12.2020г. Односно, површина за градење со намена Б5.1-Хотелски комплекси, согласно член 77 од Правилник за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ, бр.225/20). За останатите објекти во градежната парцела да се задржат урбанистичките параметри од постојната состојба.

ИНФРАСТРУКТУРА

За предвидената класа на намена потребно е да се предвиди квалитетна инфраструктура.

Сообраќајната инфраструктура, внатре во проектниот опфат да се води рационално, така што ќе се предвиди манипулативна површина за динамичен и стационарен сообраќај која ќе ги исполни нормативите од позитивната законска регулатива.

Да се предвидат водови за снабдување на градбите со потребна комунална инфраструктура.

Сите водови да се водат во јасно дефинирани инфраструктурни коридори.

Постојната инфраструктура, во колку ја има на локалитетот, потребно е да се прилагоди соодветно со планските и проектните потреби.

За сите делови на инфраструктурните објекти и инсталациите да се употребат висококвалитетни материјали.

МЕТОДОЛОГИЈА

Урбанистичкиот проект ќе се изработи врз основа методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со:

-Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20),

-Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.225/20)

-Изводот од ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО НАМЕНА Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ И ФОРМИРАЊЕ НА ГП 1, НА ДЕЛ ОД КП 968 И ДЕЛ ОД КП 1107, КО КОНОПИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, донесена со Решение бр.11-2827 од 15.12.2020г

-останата позитивна законска регулатива

ИЗРАБОТУВАЧ:

„ПЕРКАН ПРОЕКТ" дооел – ПРИЛЕП

Digitally signed by Borka Talevski
DN: c=MK, 2.5.4.97=VATMK-4021992106290, o=DGTP PERKAN PROEKT uvoz izvoz DOOEL Prilep, ou=DGTP PERKAN PROEKT uvoz izvoz DOOEL Prilep:4021992106290, givenName=Borka, sn=Talevski, serialNumber=CRT360288?, cn=Borka Talevski
Date: 2021.08.10 14:47:36 +02'00'

ИНВЕСТИТОРИ:

ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО ТРГОВИЈА И УСЛУГИ МИХАЈЛОВО ДОО УВОЗ ИЗВОЗ КАВАДАРЦИ

ДПТУ КОЖУФ СПА И ВЕЛНЕС ДООЕЛ УВОЗ ИЗВОЗ, С.МРЕЖЕЧКО

КОЖУФ СПА И ВЕЛНЕС ДООЕЛ увоз-извоз с.Мрежичко

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
за ГП 1 од ЛУПД ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО НАМЕНА Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ, КО КОНОПИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

1. ВОВЕД

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ за ГП 01, од ЛУПД ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО НАМЕНА Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ, КО КОНОПИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ќе се работи согласно:

- Извод од ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО НАМЕНА Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ И ФОРМИРАЊЕ НА ГП 1, НА ДЕЛ ОД КП 968 И ДЕЛ ОД КП 1107, КО КОНОПИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, донесена со Решение бр.11-2827 од 15.12.2020г.
- Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20),
- Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.225/20) и
- Проектната програма за изработка на УП, потпишана од инвеститорите

ОПИС НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

Проектниот опфат на предметниот урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште се совпаѓа со границите на градежната парцела ГП 01 од ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО НАМЕНА Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ И ФОРМИРАЊЕ НА ГП 1, НА ДЕЛ ОД КП 968 И ДЕЛ ОД КП 1107, КО КОНОПИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, донесена со Решение бр.11-2827 од 15.12.2020г.

Градежната парцела, односно проектниот опфат е лоциран на ~40км од центарот на градот Кавадарци. Планскиот опфат преку пристапниот пат од источната и североисточната страна, се надоврзува на Р29171(Демир Капија (врска со Р1102)-Крњево-Конопиште-Мушов Гроб (спој со Р1107)), а преку Р29171 се поврзува со Р1107 (Градско (врска со А1)-Росоман-Кавадарци-Мушов Гроб-Витолиште-Лагово (врска со А3)).

<u>Граници на проектниот опфат:</u>

Во границите на проектниот опфат се наоѓаат следните катастарски парцели; КП 968/1, КП 968/2, КП 968/4, КП 1107/2, КП 1107/3, КО Конопиште, општина Кавадарци.

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО НАМЕНА Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ како претходна урбанистичка документација е изработена за дефинирање на градежната парцела ГП 01, и тоа на дел од КП 968 и дел од КП 1107, КО КОНОПИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

При изработка на Елаборат со нумерички податоци за ГП 01, направена е поделба на катастарските парцели КП 968 и КП 1107, КО Конопиште, општина Кавадарци, така што дефинирани се КП 968/1, КП 968/2, КП 968/4, КП 1107/2, КП 1107/3, КО Конопиште, општина Кавадарци.

Промените во катастарскиот план се рефлектираат на површината на градежната парцела, чија површина според ЛУПД изнесува 14883,70м², но по дефинирањето на КП 968/1, КП 968/2, КП 968/4, КП 1107/2, КП 1107/3, КО Конопиште, општина Кавадарци, површината на градежната парцела изнесува 14883,68м².

Описот на проектниот опфат почнува од север и се движи кон исток во насока на стрелките на часовникот. Од северната и источната страна граничи со КП 1107-пат, од источната страна се граничи со КП 968/3, од југозападна страна граничи со КП 966, од северозападна страна граничи со КП 957.

2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Во границите на проектниот опфат постојат два изградени објекти, еден хотел со спратност П+1 и еден ресторан со спратност П+1. Двата објекти се во добра состојба, сместени во средишниот дел од парцелата. Во источниот дел од парцелата, јужно од ресторанот, се наоѓа приземен, монтажен, помошен објект. Непосредно до хотелот, односно источно од него се наоѓа простор со површински фотоволтаични панели.

Во средишниот дел од парцелата поминува интерна сообраќајница која ги опслужува и ресторанот и хотелот.

Северно до ресторанот се наоѓа мал амфитеатар.

Комплексот објекти е во хармонија со партерното зеленило во градежната парцела.

За предметната градежна парцела во електронскиот систем Е-урбанизам, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), во постапка бр. 35703, побарани се податоци, информации и мислења од државните органи, институции, установи и правни лица кои ги вршат јавни надлежности.

Според добиените податоци од Македонски Телеком АД Скопје со бр.35703 од 21.05.2021, во проектниот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Според податоците и информациите од Јавно претпријатие за државни патишта со бр.10-5303/2 од 25.05.2021, покрај предметниот опфат не поминува државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Национални енергетски ресурси Скопје со одговор на барање со бр. 03-1867/2 од 25.05.2021год. даде известувње дека во рамки на опфатот нема изградено и планирано изградба на гасоводна мрежа.

Според дописот од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со бр.10-55/7-215 од 19.05.2021г. во рамки на проектниот опфат имаме постојна 10(20)/0,4kV Трафостаница, 10(20)kV Подземна мрежа, 10(20)kV Надземна мрежа, 0,4kV Подземна мрежа и 0,4kV Надземна мрежа.

Според добиените податоци од Агенција за електронски комуникации со бр.1404-1590/2 од 31.05.2021г. наведено е дека нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

АД МЕПСО со допис бр 11-3155/1 од 31.05.2021год. даде известување дека предметниот проектен опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во нивна сопственост.

Податоците за постојните хидротехнички инсталации во проектниот опфат, се превземени од ИЗВОД ОД ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО НАМЕНА Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ И ФОРМИРАЊЕ НА ГП 1, НА ДЕЛ ОД КП 968 И ДЕЛ ОД КП 1107, КО КОНОПИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, донесена со Решение бр.11-2827 од 15.12.2020г

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА

Овој УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ - ГП 1 од ЛУПД ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО НАМЕНА Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ КО КОНОПИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ се изработува согласно член 58, став 2, точка 1, а во релација со член 95, став 2 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), и со иститот се врши урбанистичко – архитектонско обликување на планираната градба, внатрешниот сообраќај и инфраструктура за предметната градежна парцела.

Во рамките на градежната парцела, а согласно со намената од Изводот од ЛУПД се предвидува изградба на нов објект со намена Б5-Хотелски комплекси, односно Б5.1-Хотелски комплекси (согласно член 77 од Правилник за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ, бр.225/20) и се задржуваат постојните објекти во комплексот.

-1.Хотел-новопланиран објект – во кој се планира: приземје со содржини за прием на гости: лоби со рецепција, ресторан со кујна, снек бар, базен и останати содржини, следните две нивоа се предвидени за сместување на гости. Објектот е лоциран во југозападниот дел од градежната парцела.

Овој новопланиран хотел, со просторната диспозија и предвидениот пристап до него е издвоен од постојниот комплекс во градежната парцела.

•површина за градење-1454,81м²
•спратност-П+2
•Нмах=11,0м
•вкупно изградена површина-4364,43м²
•процент на изграденост-10%
•коефициент на искористеност-0,29
•паркирање:38 паркинг места

-2.Хотел-постоен објект – сместувачки капацитет ~150 легла. Објектот е лоциран во средишниот, западен дел од градежната парцела.

•површина за градење-412,75м²
•спратност-П+1
•Нмах=постојна
•вкупно изградена површина-825,50м²
•процент на изграденост-2,8%
•коефициент на искористеност-0,06

-3.Фотоволтаични панели-постојни. Панелите се лоцирани источно од постојниот хотел.

•површина за градење-25,05м²
•спратност-П
•Нмах=постојна
•вкупно изградена површина-25,05м²
•процент на изграденост-0,2%
•коефициент на искористеност-0,002

-4.Ресторан-постоен објект – наменет за резидентни гости од постојниот хотел и за останати посетители во комплексот. Објектот е лоциран во средишниот, источен дел од градежната парцела.

•површина за градење-543,58м²
•спратност-П+1
•Нмах=постојна
•вкупно изградена површина-1087,16м²
•процент на изграденост-3,7%
•коефициент на искористеност-0,073

-5.Монтажен, постоен, помошен објект. Објектот е лоциран во средишниот дел од градежната парцела, јужно од постојниот ресторан.

•површина за градење-17,65м²
•спратност-П
•Нмах=постојна
•вкупно изградена површина-17,65м²
•процент на изграденост-0,1%
•коефициент на искористеност-0,001

Сообраќајниот пристап за градежната парцела е од пристапниот пат на источната страна од градежната парцела.

Постојниот хотелски комплекс кој го сочиниваат постојниот хотел и ресторан имаат посебен колски пристап, односно манипулативна површина која се наоѓа во средишниот дел од градежната парцела. Во овој дел, новопредвиден е паркинг просторот за 31 паркинг место.

• број на паркинг места за постоен комплекс согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.225/20) :

- 150 легла-сместувачки капаците во постоен хотел / 6 = 25 паркинг места
- 6 паркинг места за неризедентни гости
- вкупно паркинг места за постоен хотелски комплекс: 31 паркинг место

Новопредвидениот хотел во југозападниот дел од градежната парцела има свој посебен паркинг простор и колски пристап од пристапниот пат, поради специфичниот стрмен терен.

Максималната висина до хоризонтален венец е дадена во однос на непосредната манипулативна површина.

Зеленилото е планирано во северниот дел од градежната парцела и истото изнесува 25%.

Партерното зеленило, како и останатите елементи од партер (потпорни ѕидови и сл) се предвидуваат во средишниот и јужен дел од градежната парцела.

Вкупниот процент на изграденост на градежната парцела изнесува 16%

Вкупниот коефициент на искористеност на градежната парцела изнесува 0,42

Табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за градбите во проектниот опфат

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА								
ГП		ОБЈЕКТИ	ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ m²	ВКУПНО ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА	H max. ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ		ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ НА **ГП - П%**	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ НА **ГП - Ки**
БРОЈ	ПОВРШИНА m²				m´	спратност		
01	14883,68	1. ХОТЕЛ - НОВОПЛАНИРАН ОБЈЕКТ	1454,81	4.364,43	11,0	П+2	9,8%	0,29
		2. ХОТЕЛ - ПОСТОЕН ОБЈЕКТ	412,75	825,50	пост.	П+1	2,8%	0,06
		3. ФОТОВОЛТАИЧНИ ПАНЕЛИ - ПОСТОЈНИ	25,05	25,05	пост.	П	0,2%	0,002
		4. РЕСТОРАН - ПОСТОЕН ОБЈЕКТ	543,58	1.087,16	пост.	П+1	3,7%	0,073
		5. МОНТАЖЕН ПОСТОЕН ПОМОШЕН ОБЈЕКТ	17,65	17,65	пост.	П	0,1%	0,001
ВК:	**14883,68**		**2453,84**	**6.319,79**	**/**	**/**	16%	**0,42**

Табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за проектниот опфат

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПЛАНИРАНАТА СОСТОЈБА ВО ГП 01 СПОРЕД УП				
1	ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ	100%	14.883,68	м²
2	ПОВРШИНА НА ГП	100%	14.883,68	м²
3	ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ	16%	2.453,84	м²
5	МАНИПУЛАТИВЕН ПРОСТОР ЗА ДИНАМИЧЕН И СТАЦИОНАРЕН СООБРАЌАЈ	33%	4.915,75	м²
6	ЗЕЛЕНИЛО ВО ГП	25%	3.717,07	м²
7	ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ	26%	3.797,02	м²
8	ВКУПНО ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА ПО КАТОВИ НАД ТЕРЕН	6.319,79		м²
9	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ (просек) - П%	16%		
10	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ (просек) - Ки	0,42		

Билансни показатели

Во билансните показатели споредбено се систематизирани нумеричките вредности на планираната состојба за градежната парцела ГП 01 ЛУПД ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО НАМЕНА Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ И ФОРМИРАЊЕ НА ГП 1, НА ДЕЛ ОД КП 968 И ДЕЛ ОД КП 1107, КО КОНОПИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, донесена со Решение бр.11-2827 од 15.12.2020г. со нумеричките вредности на планските решенија од оваа урбанистичко проектната документација.

ТАБЕЛА СО СПОРЕДБЕНИ ПОДАТОЦИ					
бр.	име	нумерички показатели на планирана состојба од ЛУПД		нумерички показатели на планираната состојба со УП	
1	ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ	14.883,70	m²	14.883,68	m²
2	ВКУПНА ПОВРШИНА НА ГП ВО ПРОЕКТЕН ОПФАТ	14.883,70	m²	14.883,68	m²
3	ПРОСТОР ОГРАНИЧЕН СО ГЛ / ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ	10.418,59	m²	2.453,84	m²
4	ВКУПНО ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА ПО КАТОВИ НАД ТЕРЕНОТ	31.255,77	m²	6.319,79	m²
5	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ (просек) - Пи	70,0%		16%	
6	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	2,1		0,42	
7	БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА	со АУП		67	

КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Водоснабдување

Во границите на проектниот опфат постојат два објекти, хотел и ресторан со спратност П+1 сместени во средишниот дел од парцелата. Во рамките на градежната парцела се предвидува изградба на нов објект со намена Б5-Хотелски комплекси. Новопланираниот хотел ќе биде со спратност П+2 и е лоциран на југозападната страна.

Водоснабдувањето на постојните објекти во проектниот опфат се извршува со доводен цевковод од јужната страна. Тој започнува од резервоар кој е на оддалеченост од околу 1 км, поминува низ опфатот и продолжува до станбените куќи, кои се наоѓаат на растојание од 150 м на северната страна. Истиот е со пластични водоводни цевки со дијаметар ПВЦ Ф75 мм.

За новопланираниот објект потребно е да се обезбеди количина на санитарна и пожарна вода. Санитарната вода ќе се пресмета према бројот и видот на санитарните уреди, кои би ги предвиделе во санитарните јазли, а за пожарната вода со веројатност на појава се претпоставува еден пожар, со времетраење од 2 часа и количина на вода од 10.0 (л/сек). За превентивна заштита од пожар, се предвидува истовремена работа на два надворешни пожарни хидранти Ф80 мм, со проток од по 5.0 (л/сек). За внатрешна пожарна заштита ќе се постават sидни пожарни хидранти Ф2".

Со оваа документација предвидуваме прстенаста водоводна мрежа околу новопланираниот хотел. Таа е со полиетиленски цевки со дијаметар ПЕ ОД110 мм и ќе ги задоволи вкупните потребни количини на вода. Водоводната линија со пластични цевки ПВЦ Ф75 мм, ќе се дислоцира кон источната страна. Истата ќе биде со дијаметар ОД110 мм до разделната шахта, на која ќе се поврзат постојните краци до изведените објекти. На прстенастата мрежа предвидени се 3 надворешни пожарни хидранти Ф80 мм. Истите се поставени на прописно растојание, кое не треба да биде поголемо од минимално дозволеното, дадено со правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожар (Сл.

Весник на РМ бр. 26/18). За дислокацијата, зголемувањето на доводните количини, потреба од акумулирање на одредена количина, зголемување на хидродинамички притисок и слично, потребно е да се изработи проектна документација на ниво на Основен проект.

Фекална канализација

Фекалните отпадни води од постојните санитарни јазли се прифатени со фекална канализациона мрежа. Таа гравитира до постојна септичка јама, лоцирана преку пристапниот пат на североисточната страна. Канализационите цевки се со дијаметар Ф150 ÷ Ф200 мм.

Новите количини на фекална вода ќе се приклучат на постојна фекална канализација на линија со профил Ф200 мм, која оди во постојна септичка јама. Новопланираната канализација гравитира југозападно, па источно покрај пристапниот пат и е со дијаметар Ф200 мм. Новите краци да се изведат со пластични или полиетиленски коругирани цевки, со падови диктирани од самиот терен. Со додатните количини на фекална вода ќе се јави потреба и од зголемување на запремината на септичката јама, за што треба да се изработи проектна документација – Основен проект.

Атмосферска канализација

Проектниот опфат се наоѓа на надморска висина од 1145 ÷ 1165 м. Опкружен е со густа шума што значи дека имаме мал коефициент на оттекување. Во внатрешноста поголемиот дел е тревна површина, а мал дел кров и дворна поплочена површина.

Од вкупната површина на проектниот опфат од 1,488 ха, според планираната состојба во ГП на површината за градење припаѓаат 0,245 ха, а на манипулативниот простор за сообраќај 0,491 ха. Зеленило има на површина од 0,372 ха и партерното уредување 0,380 ха.

Вкупната количина на атмосферска вода од истиот, ќе изнесува:

Qатм. = F * q * φ * Ψ ..... (л/сек)

F - површина ... (ха)

q = 120.0 - меродавен дожд ... (л/сек*ха)

φ - коефициенти на оттекување

Ψ = 1 - коефициент на закаснување (ретардација).

Qатм = (0,245*0,90 + 0,491*0,7 + 0,752*0,2) * 120 = 85,8 ... (л/сек)

Дел од атмосферските води во проектниот опфат се прифатени со армирано бетонски каналчина и со канализациони цевки спроведени кон источната и североисточната страна, како што е и падот на теренот.

Со планираниот развој на опфатот, атмосферските води од новите кровни и поплочени дворни површини ќе се прифатат со систем на каналска мрежа и по гравитационен пат ќе бидат насочени кон источната страна. Покрак пристапниот пат ќе бидат прифатени во собирен канал и со пропусти испуштени источно, каде што истекуваат и површинските води. Вкупните атмосферски води од овој предел, оттекуваат по ниските долови кон северната страна до река Бошава, која е десна притока на река Вардар.

Електрика и ПТТ

Електроенергетика

Со изработка на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште - ГП 1 од ЛУПД за уредување на просторот со намена Б5 – хотелски комплекси на дел од КП 968 и дел од КП 1107, КО КОНОПИШТЕ, Општина Кавадарци се врши димензионирање на електричната мрежа, се врши анализа за потребната инсталирана и едновремена ангажирана ел. моќност на ниво на градежен опфат:

Параметрите за намена на површините на парцелата се:

- Површина на проектниот опфат - $14.883{,}68m^2$
- Површина за градба (под објекти) - $2.453{,}84m^2$
- Вкупно изградена површина по катови над терен - $6.319{,}79m^2$

- Процентот на изграденост изнесува 16%, а коефициентот на искористеност е $0{,}42\%$.

Димензионирање на електричната мрежа се врши според следниве електроенергетски параметри:

Едновремената моќност за класа на:

- Б5 – Хотелски комплекси

$$P_{ed.vk.1} = 0{,}05\frac{kW}{m^2} \cdot 14883{,}68m^2 = 744{,}18kW$$

$$P_{ed.vk.1.} = 744{,}18kW$$

Потрошувачката на ел. енергија за ГП 1 ќе се обезбеди според согласност на оператор, според мрежни правила подземно со НН кабелски вод до НКРО монтирано покрај самата парцела според согласност на ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, КЕЦ Кавадарци која е прикажана во графичкиот прилог.

Во графичките прилози имаме постојна 10(20)kV подземна мрежа и 10(20)kV надземна мрежа. За 10(20)kV подземна мрежа со оваа фаза е предвиден заштитен појас од 1m лево и десно а додека на 10(20)kV надземна мрежа со оваа фаза е предвиден заштитен појас од 10m лево и десно.

Препораки за вкрстувања и приближувања кон објекти и инсталации на ЕВН:

-целосно да се почитуваат законските и подзаконските прописи и работни норми кај сите вкрстувања и приближувања кон објекти и инсталации на ЕВН;

-навремено, пред почетокот на градежните работи во близина на дистрибутивната мрежа, потребно е изведбата на градежните работи да се координира со ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, КЕЦ Кавадарци, при што неопходните заштитни мерки треба да се утврдат договорно;

-при работа во близина на нисконапонски, среднонапонски, високонапонски кабелски и воздушни водови, потребно е придржување кон упатствата за превенција од предизвикување на штети за работниците ракувачи со кранови и багери и други градежни машини, за заштита на електричната инфраструктура и условите за одобрение за работа со распрскувачки материјали;

- доколку при реализација на предметниот план во делот на инфраструктурни објекти , улици и др.е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и постројки на ЕВН, инвеститорот е должен да достави соодветно барање до надлежниот КЕЦ Кавадарци и да ги надомести трошоците за дислокација договорно согласно изготвеното решение;

-во случај на настанување на штета на електроенергетските објекти, инвеститорот е должен да ја надомести штетата на ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, КЕЦ Кавадарци не поседува информации за енергетски водови и објекти кои се во сопственост на други субјекти а истите постојат во опфатот.

Електронска комуникациска инфраструктура и опрема

Телекомуникациската мрежа е значаен фактор во развојот на општествениот стандард, со можност за брзо ширење на секаков вид на информации.

Според добиените податоци од МакедонскиТелеком АД Скопје на со бр.35703 од 21.05.2021 наведено е дека во непосредна близина на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

За истата парцела и за понатамошен МКТ инфраструктурен развој се предвидува ЕК (електрокомуникациски) разводен ормар од кој во зависност од потребата би се поврзал за непречена комуникација со останатите институции.

Според добиените податоци од Агенција за електронски комуникации со бр.1404-1590/2 од 31.05.2021г. наведено е дека нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Мобилна телефонија

Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се T-mobile, A1, Лукамобил и Телекабел. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на региони, општини и населени места, изготвување на проекти за развој на GSMмрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот и усогласување на развојните планови со одделни институции на државата.

Бројот на базните станици зависи од барањата за капацитетот на мрежата во одреден регион и категоријата на подрачјето кое се покрива: градско подрачје, патишта или рурални подрачја. Овој регион целосно е покриен со сигнал и на четирите мобилни оператори.

4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ ЗА ГП 01

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПЛАНИРАНАТА СОСТОЈБА ВО ГП 01

Со овој урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште утврдени се површини за градење со урбанистички параметри и градежната парцела е партерно, сообраќајно и хортикултурно уредена.

Урбанистички параметри за ГП 01 планирани со УП:

- Влез од Пристапен пат
- Површина на градежна парцела.....14883,68m^2
- Процент на изграденост (Р).....16%
- Коефициент на искористеност.....0,42
- Површина за градење….....2453,84m^2
- Вкупна етажна површина за градење.....6319,79m^2
- Максимална висина до хоризонтален венец постојна/11,0м
- Спратност.....П/П+1/П+2
- Процент на озеленетост во ГП.....25%
- Паркинг места во ГП.....67

Урбанистички параметри за поединечните објекти во ГП 01 планирани со УП:

-1.Хотел-новопланиран објект

- •површина за градење-1454,81м²
- •спратност-П+2
- •Нмах=11,0м
- •вкупно изградена површина-4364,43м²
- •процент на изграденост-10%
- •коефициент на искористеност-0,29
- •паркирање:38 паркинг места

-2.Хотел-постоен објект

- •површина за градење-412,75м²
- •спратност-П+1
- •Нмах=постојна
- •вкупно изградена површина-825,50м²
- •процент на изграденост-2,8%
- •коефициент на искористеност-0,06

-3.Фотоволтаични панели

- •површина за градење-25,05м²
- •спратност-П
- •Нмах=постојна
- •вкупно изградена површина-25,05м²
- •процент на изграденост-0,2%

•коефициент на искористеност-0,002

-4.Ресторан-постоен објект
•површина за градење-543,58м²
•спратност-П+1
•Нмах=постојна
•вкупно изградена површина-1087,16м²
•процент на изграденост-3,7%
•коефициент на искористеност-0,073

-5.Монтажен, постоен, помошен објект
•површина за градење-17,65м²
•спратност-П
•Нмах=постојна
•вкупно изградена површина-17,65м²
•процент на изграденост-0,1%
•коефициент на искористеност-0,001

- Градежната линија се спроведува со дозволеното пречекорување, во однос на издадените елементи од архитектонската пластика, првостепената, второстепената и третостепената пластика да биде согласно член 108 и член 109 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.225/20).
- За постојна градба за која во урбанистички план односно урбанистички проект не се утвдуваат услови за идна градба, освен реконструкција, адаптација и пренамена во текот на употреба на постојната градба согласно Законот за градење, не се исцртува градежна линија и се задржуваат истите урбанистички параметри за височина и намена, а врз линијата на градбата во геодетската подлога се црта информативна линија со која се означува постојна градба што продолжува да се употребува согласно нејзината намена.
- При изградба на објектите и содржините во просторот да се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот и да се овозможи непречено движење на инвалидизирани лица особено во делот на достапноста до објектите.

При реализација на оваа ГП, доколку дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.Весник на РМ бр. 20/2004, 115/2007, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18). Ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен:

1. Да го пријави откритието во смисла на членот 129 став (2) на овој закон;
2. Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРИСТАПНОСТ НА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ, ЗАШТИТА НА ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО И ДРУГИ МЕРКИ СОГЛАСНО ЧЛЕН 47 ОД ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) и е регулирана со Законот за животна средина (Сл. весник на Р.М. број бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, бр.47/10, бр.124/10, бр.51/11, бр.123/12, бр.93/13, бр.187/13, бр.42/14, бр.44/15, бр.129/15, бр.192/15 и бр.39/16) и подзаконските акти кои се

однесуваат на предметната проблематика (Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина и здравјето на луѓето (точка 13, Сл. весник на Р.М. бр.153/07).

Планските и проектните решенија, покрај другите фактори суштествени при дефинирање на Плановите односно проектите произлегуваат и од факторот - заштита и унапредување на животната средина. Превентивната заштита на животната средина претставува еден од елементите на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина, засновано врз принципите на одржлив развој.

На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите на животната средина: почвата, водата, воздухот, на областите на животната средина, на биолошката разновидност и другите природни богатства, како и на заштитата на озонската обвивка и заштитата од негативното влијание на човекот врз климатскиот систем покрај одредбите на законот за животна средина се применуваат и одредбите на законите за одделни медиуми и области на животната средина.

Заштитата на медиумите и одделните области на животната средина се постигнува преку превземање на мерки и активности кои се однесуваат на заштитата од штетни влијанија утврдени со законот за заштита на животната средина и посебните закони од:

-вршењето различни дејности;

-загадувачките супстанци и технологии;

-отпадот;

-бучавата и вибрациите;

-јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење;

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации; заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење на депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија во воздухот, водата или почвата, која што може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот и која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува следното:

-зачување на амбиенталните, есетските и рекреативните потенцијали на просторот;

-изградба на современа инфраструктура;

-селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем во депонијата;

-озеленување на дворните површини со високо и ниско зеленило кои значително ќе придонесе за микроклимата на овој дел;

-заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура;

-при преземањето активности или при вршењето дејности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат тука;

-загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе тршоците за санација и да плати правичен

надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

-Заштита на почвата

Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади. Од оваа условеност не се очекува значајно загадување на почвата и површинските води од пестициди.

-Заштита на водата

Заштитата на водата се третира како превентивна заштита.

Превентивната заштита на водата при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации, се однесува во нивната монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Водовите да се постават во сé према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето. Изборот на материјалите да биде во согласност со важечките стандарди и нормативи и квалитетно, без хаварии и долготрајно со најмали замени и интервенции да го опслужуваат секој поединечен корисник.

-Заштита на воздухот

Врз квалитетот на воздухот може да влијаат издувните гасови од лесни моторни возила, товарни возила и автобуси.

Изворите на загадување на воздухот доколку е потребно да се утврдат дополнително преку посебен Елаборат за корисникот - субјект во опфатот, при што заштитата на животната средина, со посебен осврт на заштитата на воздухот, мора посебно да биде обработена и во која децидно, плански, ќе бидат дефинирани заштитните мерки. Сите идни корисници на просторот треба да го почитуваат особено - Закон за квалитетот на амбиенталниот воздух (Сл.Весник на РМ бр. 67/04, и бр.92/07).

-Заштита на животната средина преку организирано прифаќање на цврстиот отпад

Со планот се предвидува цврстиот отпад организирано да се селектира со понатамошна негова рециклажа, како мерка за намалување на неговите количини кои завршуваат во депонија. Ова е во функција на суровинските и енергетските заштеди. Остатокот од цврстиот отпад се предвидува организирано да се прифати, да се транспортира и депонира во најблиската санитарна депонија.

-Заштита од бука

Во рамките за предметниот проектен опфат планирани се градби со основна класа на намена Б5.1-Хотелски комплекси, доколку е потребно да изработи Елаборат за корисникот - субјект во опфатот, со кои ќе се утврдат мерките за заштита од бучава.

-Заштита на биолошката разновидност и други природни богатства (мерки за заштита на природата)

Заштитата на природата се уредува преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја и надвор од заштитени подрачја.

Во современото планирање на просторот, задачите на заштитата на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната средина.

